arise Action for Reducing Inequalities in Education

# Проект АРИСЕ

## Акција за намалување на нееднаквостите во образованието

### Патоказ за политики

Поддршка за децата од семејства со низок социоекономски статус да завршат основно образование како предуслов за поквалитетен живот

Република Северна Македонија

Скопје, 2023 г.

**АРИСЕ**
Акција за намалување на нееднаквостите во образованието
Патоказ за политики: Поддршка за децата од семејства со низок социоекономски статус да го завршат основното образование како предуслов за подобар квалитет на живот

*Издавач*
Фондација за образовни и културни иницијативи
„Чекор по чекор“ - Северна Македонија
Бул. Партизански одреди 72а, Скопје 1000
info@stepbystep.org.mk
www.stepbystep.org.mk

*За издавачот*
Сузана Киранџиска

*Автори*
Елена Мишиќ
Национална коалиција за развој на политики
Фондација за образовни и културни
иницијативи
„Чекор по чекор“ - Северна Македонија

*Методологија*
Лана Јурко
Ива Перковиќ

*Дизајн*
Катарина Велан

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.*

# Содржина


Користени кратенки 1

За Проектот 2

Сиромаштијата и образованието во Република Северна Македонија 4

Стратешка цел 6

Општа цел на Патоказот за политики 6

Специфична цел 1 7

Специфична цел 2 8

Специфична цел 3 9

Специфична цел 4 10

ПРИЛОГ 1 – Резиме на патоказот 11

# Користени кратенки

| | |
|---|---|
| **ARISE** | Акција за намалување на нееднаквостите во образованието |
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ДИЦ** | Државен испитен центар |
| **ИТУ** | Инклузивен тим за ученик |
| **КПРН** | Континуиран професионален развој на наставници |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **НВО** | Невладина организација |
| **одд.** | одделение |
| **ОО** | Основно образование |
| **ООУ** | Општинско основно училиште |
| **ПИСА** | Програма за меѓународни тестирања на учениците |
| **ПОВЗ** | Предучилишно образование, воспитание и згрижување |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СЕС** | Социо-економски статус |
| **УИТ** | Училишен иклузивен тим |
| **УРУОЈПЗ** | Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| **ЦОВ** | Центар за образование на возрасни |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ЧР** | Човечки ресурси |

# За Проектот

Проектот **АРИСЕ: „Акција за намалување на нееднаквостите во образованието“** го зафаќа прашањето на сиромаштијата и нејзиното влијание врз учениците на две нивоа: од една страна образовните и социјалните политики можат да обезбедат долгорочни решенија за подобрување на рамноправноста во образованието, а од друга страна пилот интервенциите на училишно ниво помагаат при задоволување на непосредните потреби на учениците со низок социо-економски статус, воедно придонесувајќи за информирани политики.

Проектот го спроведува конзорциум составен од осум членки: Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по Чекор“ - Северна Македонија, Косовскиот образовен центар - Косово, Мрежата на Центри за образовни политики - Хрватска, Универзитетот Шабанџи Иницијатива за реформи во образованието - Турција,Децата се иднината - Албанија, Центарот за образовни политики - Србија, проМЕНТЕ социјални истражувања - Босна и Херцеговина и Центарот за образовни иницијативи „Чекор по чекор“ - Босна и Херцеговина.

Главна цел на Проектот е јакнење на капацитетите на граѓанските организации за рамноправно учество во процесите на развивање политики и застапување за еднаквост и рамноправност во образованието преку регионална соработка и градење национални коалиции.

Конкретно, Проектот се стреми да ја поддржи образовната и социјалната инклузијата на учениците со низок социо-економски статус преку градење национални и регионални партнерства меѓу граѓанските организации со цел застапување, конструктивен политички дијалог со властите, подигање на свеста кај засегнатите страни и спроведување пилот интервенции.

На ниво на политики, вклучените граѓански организации се залагаат застапување и се вклучени во конструктивен политички дијалог со властите преку поддршка на локални граѓански организации и подигање на свеста кај засегнатите страни за влијанието на сиромаштијата врз образованието и благосостојбата на децата.

на ниво на училиште, преку осмислување ефективни програми засновани на меѓународни и регионални искуства, придонесувајќи на овој начин кон намалување на последиците од сиромаштијата врз ученичките постигања и општата благосостојба на учениците со низок социо-економски статус.

Покрај активностите насочени кон истражување и анализа на политики, што овозможува изведување препораки за подобрувања и иновации; застапување и подигање на јавната свест; подобрување на капацитетите на граѓански организации преку обуки, менторство, поддршка во работата, едукативни настани, студиска посета и регионални работилници; програма за училишен развој и училишни интервенции во пет училишта во секоја земја преку менторство и развивање одржливи училишни практики со цел намалување на разликите и сиромаштијата, една Проектна компонента директно се фокусира на развивање на национално прилагодени консултативни процеси и алатки наменети за справување со сиромаштијата во и преку образованието.

Оваа компонента ја водеше Националната коалиција за развој на политики, сочинета од претставници на образовните власти, експертската заедница, практичарите и граѓанското општество, која преку издржани консултации и дискусии го разви овој Патоказ за политики, кој ги одразува националните специфики и зацртува можен и пожелен процес кој ќе придонесе за решавање на прашањето на сиромаштија во определената област, избрана врз основа на нејзината важност и приоритет за да се овозможи поддршка на учениците од семејства и заедници со низок СЕС.

Овој Патоказ може да им послужи на носителите на политики и на практичарите во осмислување, развивање, спроведување и следење активности и мерки насочени кон учениците со низок СЕС, но и како инструмент за самопроценка на напредокот во подобрување на респонзивноста и ефективноста на образовниот систем и/или поединечните училишта во елиминирање на последиците од сиромаштијата врз образованието на учениците, особено на оние од ранливите групи.

# Сиромаштијата и образованието во Република Северна Македонија

Националниот извештај [1] подготвен во рамки на Проектот АРИСЕ посочи дека стапката на ризик од сиромаштија во РСМ во 2019 година изнесувала 21,6 %, кај домаќинствата од две возрасни лица со три или повеќе малолетни деца достигнала 44,7 %, а во оние со еден родител и малолетни деца – 42,6%. Стапката на детска сиромаштија изнесувала 27,8%.

Според резултатите на ПИСА, децата од финансиски немоќните семејства заостануваат во своите постигања зад оние од подобро стоечки семејства. Најголема разлика во постигнувањата на учениците има во Читање (41 поен), а најмала во Математика (23 поени). Вкупните резултатите на учениците во читање на меѓународната просечна скала на економски, социјален и културен статус се меѓу најниските од сите земји кои учествуваат во ова истражување.

Учеството во предучилишното образование, воспитание и згрижување (ПОВЗ) е на многу ниско ниво кај ранливите групи. Повеќе од половината македонски деца посетуваат ПОВЗ, во споредба со едно на пет албански деца. Веројатноста да се запишат во предучилишна установа е шест пати поголема за децата од урбаните средини во однос на децата од руралните области. Само 2,6% од 4-годишните ромски деца посетуваат ПОВЗ, што во голема мерка придонесува за потешкотии во понатамошното образование. Голем дел од учениците кои се запишуваат во прво одделение не ги поседуваат неопходните предзнаења и се соочуваат со помали или поголеми јазични бариера, поради што нивното описменување доцни, што понатаму се пресликува во проблеми во следење на наставата и послаби постигања. 73 проценти од ромските деца кои посетуваат училиште, никогаш не го довршуваат своето образование.

[1] Велковски, З. (2021): Акција за намалување на нееднаквостите во образованието - Национален извештај за Република Северна Македонија, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, Скопје
[1a] Велковски, З. (2021): Акција за намалување на нееднаквостите во образованието - Краток преглед на политиките: Република Северна Македонија, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, Скопје

СЕС претставува еден од најсилните фактори кои влијаат негативно не само врз квалитетот на живот на семејствата со низок СЕС, туку и врз образованието на децата и младите на сите нивоа, од предучилишно до високо образование.

Негативните последици вклучуваат: пониска стапка на учество во образованието, поголема веројатност за осипување/напуштање на образованието, послаб квалитет во учењето и недоволно напредување низ образовниот процес.

Децата со низок СЕС покажуваат тренд на најниско учество во ПОВЗ и најслаби постигнувања во основното образование, што подоцна им создава голем број проблеми при преминот кон и успешноста во средното и високото образование. Законските можности за образование на возрасни недоволно се користат поради послабиот квалитет на работата на училиштата/центрите за возрасни и нивната недоволна достапност ширум земјата.

Дополнителна причина за недооформување на основното и средното образование, а со тоа и стекнувањето работни компетенции, кај лицата со низок СЕС е нивниот ангажман во сивата економија, односно детскиот труд.

# Стратешка цел

Општата и специфичните цели на овој Патоказ за политики се стремат да придонесат кон стратешката цел на националниот образовен систем, имено сите деца да го завршат основното образование со потребните компетенции.

# Општа цел на Патоказот за политики

Сите деца од семејства со низок СЕС напредуваат благодарение на квалитетна настава, стимулативна средина за учење и училишна поддршка на влез, во тек и при излез од основното образование, за да се овозможи задоволување на сите предуслови за запишување во средното и негово успешно завршување.

Оваа општа цел ќе се реализира преку неколку меѓусебно поврзани специфични цели и ќе се операционализира преку взаемно комплементарни активности.

# Специфична цел 1

Постоечките образовни и социјални политики се разгледуваат и, доколку е потребно, ревидираат и се усвојуваат нови флексибилни и ефективни политики кои ќе овозможат дополнителна поддршка и можности со цел реализирање на правото на квалитетно образование за децата со низок СЕС.

# Активности

**1.1.** Да се подигне свеста за важноста на ПОВЗ и опфатеноста на ранливите групи/децата од семејства со низок СЕС со ПОВЗ.

**1.2.** Да се обезбеди поддршка при учењето за децата со низок СЕС при упис и во текот на основното образование.

**1.3.** Социјалните служби да се координираат со училиштата и го помагаат процесот на учење, особено во однос на редовност и континуиран напредок.

**1.4.** Да се промовира и прошири примената на концептот на валидација на претходното учење за деца и млади (без формална евиденција/документи) во основното образование.

## Специфична цел 2

Училиштата се поддржуваат при градењето инклузивна култура и подобрување на компетенциите на кадарот со цел да се придонесе кон подобрување на квалитетот и релевантноста на образованието за учениците со низок СЕС.

## Активности

**2.1.** Да се подобрат компетенциите на наставниците за работа со ранливи деца и семејства.

**2.2.** Да се намалат/елиминираат стереотипите во пошироката заедница против ранливите семејства и заедници.

**2.3.** Да се зголеми учеството на родителите на учениците од ранливи групи/низок СЕС во процесите на управување во училиштата.

## Специфична цел 3

Училиштата пружаат наменски, навремени и ефективни дополнителни образовни услуги кои помагаат да се компензираат негативните последици на сиромаштијата кај учениците со низок СЕС.

## Активности

**3.1** Да се обезбедат можности децата кои не посетувале предучилишни програми или не поседуваат основни предзнаења да стекнат знаења и вештини потребни за успешен почеток на основното образование.

**3.2** Да се обезбедат дополнителни можности и мерки за да се осигури дека учениците од ранливите групи/со низок СЕС го совладуваат наставниот материјал и ги стекнуваат предвидените компетенции неопходни за следните одделенија и нивоа на образование.

## Специфична цел 4

Широката палета на информации и услуги се обезбедуваат во заедницата со цел да го поддржуваат учењето кое се одвива на училиште и децата со низок СЕС да напредуваат рамноправно со своите врсници.

## Активности

**4.1.** Граѓанските организации да придонесат да се подобри квалитетот и опфатот на медијацијата меѓу училиштата и семејствата.

**4.2.** Родителите од ранливите групи/со низок СЕС да ги подобрат својата информираност и вештини за позитивно и одговорно родителство.

**4.3.** Учењето што се одвива на училиште да се зајакнува преку неформално учење и поддршка во домот и заедницата.

Прилогот детално ги елаборира наведените цели и активности, ги специфицира придружните мерки и ги дефинира другите аспекти неопходни за успешно спроведување на активностите, вклучувајќи ги резултатите, целните групи, нивоата на приоритет, одговорните субјекти и партнерите, како и ризиците и чекорите неопходни за ублажување на споменатите ризици.

# ПРИЛОГ 1 – Детален преглед на Патоказот за политики

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Општа цел** | Сите деца од семејства со низок СЕС напредуваат благодарение на квалитетна настава, стимулативна средина за учење и училишна поддршка на влез, во тек и при излез од основното образование, за да се овозможи задоволување на сите предуслови за запишување во средното и негово успешно завршување. | | | |
| **Специфична цел 1.** | Постоечките образовни и социјални политики се разгледуваат и, доколку е потребно, ревидираат и се усвојуваат нови флексибилни и ефективни политики кои ќе овозможат дополнителна поддршка и можности со цел реализирање на правото на квалитетно образование за децата со низок СЕС. | | | |
| Активност 1.1 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се подигне свеста за важноста на ПОВЗ и опфатеноста на ранливите групи/децата од семејства со низок СЕС со ПОВЗ. | Семејства со низок СЕС со деца на предучилишна возраст | 1.1.1 Спроведување кампања за подигање на свеста за придобивките од редовно посетување на ПОВЗ насочена кон ранливи групи/семејства со низок СЕС. | Поголем опфат на деца во ПОВЗ | Висок |
| | | 1.1.2 Воведување задолжително посетување ПОВЗ во годината пред поаѓање во основно образование. | Сите деца почнуваат I одд. со потребни предзнаења | |
| | | 1.1.3 Продолжување и проширување на мерките за покривање на партиципацијата за ПОВЗ за деца од семејства со низок СЕС од централниот и/или локалните буџети. | Поголем опфат на деца со низок СЕС во ПОВЗ | |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Искуство, истражувања, посветеност, практика на ослободување од придонес | МТСП | Градинки, општини, НВО активни во секторот, училишта | Незаинтересираност<br>Недостаток на финансии | Избор на посветени одговорни лица, соработка со донатори, медиуми |
| Активност 1.2 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се обезбеди поддршка при учењето за децата со низок СЕС при упис и во | - Сите ученици во ОО | 1.2.1 Воведување законска обврска за трансфер на детското портфолио од градинка во ООУ при упис за училиштата подобро да се подготват за задоволување на специфичните потреби на идните првачиња. Навремени информации | Посоодветна распределба по одд. и полесно планирање на наставата | Висок |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| текот на основното образование. | - Ученици во ОО со низок СЕС | 1.2.2 Преосмислување и проширување на концептот на Образовни медијатори (по примерот на работа со учениците Роми и нивните семејства) во насока на поддршка на сите ученици со низок СЕС и нивните семејства. | Подобра соработка меѓу семејствата и ООУ, поангажирани родители | Среден |
| | | 1.2.3 Воведување (државно) финансирање за тутори кои обезбедуваат неформално компензаторно учење за деца со нередовност / периоди на непосетување (миграција, сезонска работа на родителите). | Редовно извршување на обврските, постигање на очекуваните резултати | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки портфолија, осознаеност на потребата, Правилник за работа на тутори, проектни искуства, обучени и искусни тутори и образовни медијатори | МТСП, МОН, МФ | Градинки, ООУ, НВО | Недостаток на средства | Обезбедување донаторска помош, рационализација во ОО |
| Активност 1.3 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Социјалните служби да се координираат со училиштата и го помагаат процесот на учење, особено во однос на редовност и континуиран напредок. | - Сите ранливи деца / деца со низок СЕС<br>- Наставници, стручни служби, социјални работници | 1.3.1 Редефинирање на политиките кои ги дефинираат обврските на ЦСР со цел спроведување теренски активности заедно со училишните стручни служби преку посети на семејства со деца на уписна возраст, информирање за нивните права, пренесување информации до училиштето заради соодветни подготовки (секоја година март-мај). | Детекција на деца надвор од училиште и нивно вклучување во образовниот процес | Висок |
| | | 1.3.2 Редефинирање на политиките кои ги дефинираат обврските на ЦСР за редовни или повремени посети на ранливи семејства заедно со училишните стручни служби заради следење на редовноста, напредокот и транзицијата на ранливите деца, и обезбедување неопходна поддршка на семејствата. | Децата со низок СЕС се редовни на настава, имаат повисоки постигања, прогресираат во следниот потсистем | Среден |
| | | 1.3.3 Определување одговорен социјален работник задолжен за соработка со и работа во училишта со голем процент ученици со низок СЕС и постојан контакт со стручни служби, наставници, родители. | Непосредна навремена детекција на отсуство и соодветно постапување | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки кадар во ООУ и ЦСР | МТСП, МОН | ЦСР, ООУ - особено стручните служби, општини | Други приоритети, преоптовареност на ЦСР, | - Лобирање од страна на ООУ, НВОа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | непостоење на практика на конкретна соработка | - Пилотирање нови локални практики и нивна дисеминација |
| Активност 1.4 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се промовира и прошири примената на концептот на валидација на претходното учење за деца и млади (без формална евиденција/документи) во основното образование. | Деца надвор од училиште, деца на повратници, (и/е)мигранти, со надмината возраст | 1.4.1 Примена на законски усвоените решенија за валидација на претходното учење во ОО, практикување на класните испити за проценка на постигнатите резултати од учењето на крајот на првите два циклуси (III и VI одд.) наместо скратени програми (кои бараат постарите ученици да посетуваат настава заедно со помали деца). | Компетенциите на поголем број деца се верификуваат и тие посетуваат паралелки соодветни на нивната возраст[2] | Висок |
| | | 1.4.2 Преосмислување на концептот за образование на возрасни за ученици со низок СЕС кои навршиле 16 години а не го комплетирале своето ОО, преку подобрување на квалитет и ефикасноста на училиштата/центрите за образование на возрасни, преку обезбедување флексибилна настава и подобра соработка со ООУ каде учеле до својата 16-годишна возраст. | Поголем број млади над 16 год. кои не го завршиле ОО можат да добијат свидетелства за завршено ОО и да стекнат работни компетенции | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки решенија за валидација на претходното учење, обучен кадар, класен испит, пилот проекти | МОН, ДИЦ, ЦОВ | ООУ, БРО, граѓански сектор | Отпор кон иновативни решенија за завршување одделение, циклус, ОО<br>Потребни финансиски средства | Лобирање во рамки на МОН, УРУОЈПЗ |

[2] Со што се скратува непотребно, демотивирачко и непродуктивно време кое учениците со надмината возраст треба да го поминат следејќи скратени програми заедно со помали деца, и побргу се добиваат свидетелства за III односно VI одд. доколку учениците ги совладале барањата преку разновидни алтернативни патишта за учење.

| Општа цел | Сите деца од семејства со низок СЕС напредуваат благодарение на квалитетна настава, стимулативна средина за учење и училишна поддршка на влез, во тек и при излез од основното образование, за да се овозможи задоволување на сите предуслови за запишување во средното и негово успешно завршување. | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 2.** | Училиштата се поддржуваат при градењето инклузивна култура и подобрување на компетенциите на кадарот со цел да се придонесе кон подобрување на квалитетот и релевантноста на образованието за учениците со низок СЕС. | | | |
| Активност 2.1 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се подобрат компетенциите на наставниците за работа со ранливи деца и семејства. | Наставници и стручни служби во ООУ | 2.1.1 Структуриран КПРН (интерна обука, на ниво на општина, преку надворешни обучувачи, преку заедници за учење, проекти за мобилност и сл.) со цел развој на компетенции за работа со ранливи деца и семејства (на пр. обука за: социјална правда, дополнителна/подготвителна обука, индивидуализирана поддршка, теренски активности, градење стимулативна средина за учење, диференцирано планирање и изведба на наставни активности, подобрување на училишната клима, подобра интеракција ученик-наставник и сл.). | Компетентни наставници кои умеат да планираат и изведуваат настава со сите деца вклучувајќи ги и оние со посебни потреби и низок СЕС | Висок |
| | | 2.1.2 Подобрување на соработката на училиштата и педагошките и наставничките факултети со НВОа кои имаат директен пристап до и информации за состојбата и потешкотиите со кои се соочуваат учениците со низок СЕС и нивните семејства и заедници. | Навремени информации достапни на засегнатите страни<br>Унифицирани пораки до деца/семејства со низок СЕС | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки УИТ и ИТУ, пилотирани програми обука на наставници, доволен број ментори/тренери (педагошки/наставнички | МОН, БРО | ООУ, експерти, универзитети, НВОа, професионални организации | Недоволна соработка и недоверба меѓу засегнатите страни<br>Широк спектар активности, потреба од | Споделување со донатори на стратешки план за развој на ЧР во образованието[3] |

[3] По област / тема / проект, согласно искажан интерес.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| факултети, практичари), искусни организации | | | сериозна организација и голем буџет | Редовни средби за споделување искуства |
| Активност 2.2 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се намалат/елиминираат стереотипите во поширокатa заедница против ранливите семејства и заедници. | Родители од ООУ каде заедно учат деца од ранливи групи и деца без посебни ризици | 2.2.1 Организирање работилници со родители насочени кон прифаќање на различности, поттикнување соработка, взаемна почит и поддршка. | Поголема информираност води кон прифаќање и градење чувство на заедништво и припаѓање | Среден |
| | | 2.2.2 Организирање настани и активности наменети за зближување и почитување на различностите (на пр. базари, продажни изложби, посети, ученички размени, локален активизам и сл.) | | |
| | | 2.2.3 Зајакнување на улогата на Ученичките парламенти, преку обуки и вклучување во планирање и спроведување разни активности (по можност иницирани и/или спроведувани од учениците). | Учениците се носители на процесот на елиминирање стереотипи во училиштето, семејството и заедницата | Висок |
| | | 2.2.4 Вклучување на минати успешни ученици (студенти или вработени) кои потекнуваат од семејства со низок СЕС а успешно се избориле со предизвиците. | Позитивни примери водат кон поголема самодоверба, мотивираност и довербата во системот | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки иницијативи и добри практики, ангажирани наставници, отворени засегнати страни | ООУ | Ученички парламенти, ученици, родителски совети, активисти во заедницата, граѓански сектор | Потребен е дополнителен ангажман на сиот персонал | Активностите се добро испланирани и вклучени во годишниот план за работа |
| Активност 2.3 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се зголеми учеството на родителите на учениците од ранливи групи/низок СЕС во | Родителски совети, родители, | 2.3.1 Зајакнување на улогата на родителските совети преку едукација, доделување конкретни задолженија, и вклучување на родителите на ученици со низок СЕС во следење на квалитетот на | Поактивни, отворени, инклузивни родителски совети | Среден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| процесите на управување во училиштата. | родители на деца од ранливи групи/низок СЕС | наставата и ученичките постигања.[4] | | |
| | | 2.3.2 Задолжително вклучување на претставници на доминантните ранливи групи во Родителските совети и/или други советодавни и/или управувачки структури во училиштата. | Механизми за задоволување на посебните потреби на ранливите групи | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоење на родителски совети, обучувачи за толеранција и сродни теми | ООУ | Родителски совети, експерти, граѓански сектор | Низок степен на важност кој се придава на ова прашање | Оснажување на родителите, подигање на јавната свест |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Општа цел** | Сите деца од семејства со низок СЕС напредуваат благодарение на квалитетна настава, стимулативна средина за учење и училишна поддршка на влез, во тек и при излез од основното образование, за да се овозможи задоволување на сите предуслови за запишување во средното и негово успешно завршување. | | | |
| **Специфична цел 3.** | Училиштата пружаат наменски, навремени и ефективни дополнителни образовни услуги кои помагаат да се компензираат негативните последици на сиромаштијата кај учениците со низок СЕС. | | | |
| Активност 3.1 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се обезбедат можности децата кои не посетувале предучилишни програми или не поседуваат основни предзнаења да стекнат знаења и вештини потребни за успешен почеток на основното образование. | Деца на возраст пред I одд. | 3.1.1 Организирање забрзани подготвителни активности во летниот период пред почетокот на учебната година наменети за идните првачиња кои не посетувале ПОВЗ за да стекнат основни предзнаења, работни навики и/или подобро да го совладаат наставниот јазикот заради полесно и побрзо вклучување во образовниот процес. | Првачињата поседуваат потребни предзнаења, вештини и работни навики и ги познаваат училишните правила и очекувања | Висок |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки воспитувачки и наставен кадар | МТСП, МОН | Градинки, ООУ | Потребни средства за дополнителен ангажман | Лесно остварливо, пилот би обезбедил |

[4] Покрај стекнувањето знаења/академското напредување, подеднакво важни се и јакнењето на толеранцијата, социо-емоционалните вештини, чувството на припаѓање и развивањето демократски ставови кај учениците.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | информации за временски рокови, обем и трошоци |
| Активност 3.2 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Да се обезбедат дополнителни можности и мерки за да се осигури дека учениците од ранливите групи/со низок СЕС го совладуваат наставниот материјал и ги стекнуваат предвидените компетенции неопходни за следните одделенија и нивоа на образование. | Ученици надвор од наставниот процес, со пониски постигања, со посебни потреби, со низок СЕС и/или со недоволна поддршка во домот | 3.2.1 Вклучување посебен дел во Годишниот училишен план со мерки за работа со ранливи ученици, индивидуализиран за секое ООУ во зависност од потребите и заснован на редовно ажурирани податоци, која ќе содржи информации за учениците, фактори кои влијаат врз успехот и индивидуални препораки за работа. | Соодветно планирани и зацртани активности имаат поголеми изгледи да се спроведат навремено и квалитетно | Висок |
| | | 3.2.2 Обезбедување наменски опремен простор за учење, пишување домашни задачи, активности за социо-емоционален развој и сл., кој учениците би го користеле по завршување на часовите, со соодветна поддршка од вработените. | Недоволната поддршка во домот соодветно се компензира | Висок |
| | | 3.2.3 Осмислување и спроведување посебни мерки за обезбедување дополнителни услуги и можности (на пр. превоз и мобилност, лобирање за локална финансиска поддршка, специјално-образовни, социјални и здравствени услуги во заедницата, асистивна технологија и ресурси за учење во домот и училиштето, итн.) за учениците со попреченост.[5] | Другите сектори го помагаат образованието при справување со предизвици кои не се од образовна природа, Семејствата и училиштата имаат неопходни ресурси | Висок |
| | | 3.2.4 Обезбедување бесплатна ужинка за сите деца корисници на социјална помош и посебен (или друг) додаток. | Намалување на разликите, дополнителна помош за семејствата | Висок |
| | | 3.2.5 Организирање куси, интензивни, мултимедијални и флексибилни компензациски наставни активности (по примерот на дополнителната настава) за ученици без образование, за оние кои отсуствувале подолги периоди или ја надминале возраста од 16 години. | Ученици кои пропуштиле (помал или поголем) дел од наставниот процес ги компензираат тие пропусти преку | Среден |

[5] Особено имајќи ги предвид зголемените издатоци со кои се соочуваат семејства при грижата за дете со попреченост, неможноста за вработување на родителите, недоволната пристапност и опременост на училиштата итн.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | неформално учење во формални услови | |
| | | 3.2.6 Зајакнување на дополнителната настава, особено за ранливи ученици, во рамки на работниот ден на наставниците (6-часовниот период кој се поминува на училиште) и стручните служби, над минимум барањата од Концептот за основно образование и воведување дополнителна настава за ученици од I одд. | Учениците со послаби постигања имаат можност да го надоместат пропуштеното | Висок |
| | | 3.2.7 Осмислување и операционализација на онлајн платформи наменети за поддршка на учењето кај децата со низок СЕС (по примерот на платформата АННО креирана од ЦСИ „Надеж“ во рамки на Проектот АРИСЕ). | Децата со низок СЕС ја добиваат дополнителна поддршка и мотивација за успех во учењето | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Постоечки простор и кадар кој треба да се погрижи сите ученици да го совладаат материјалот; примери на врсничка поддршка | МОН, ООУ, БРО | Ученици, семејства, локална самоуправа, граѓански сектор | Неконзистентна практика на дополнителна настава<br>Недоволно следење на ученици со интензивно отсуствување | МОН ја следи имплементацијата на своите стратегии и преземени обврски |

| **Општа цел** | Сите деца од семејства со низок СЕС напредуваат благодарение на квалитетна настава, стимулативна средина за учење и училишна поддршка на влез, во тек и при излез од основното образование, за да се овозможи задоволување на сите предуслови за запишување во средното и негово успешно завршување. | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 4.** | Широката палета на информации и услуги се обезбедуваат во заедницата со цел да го поддржуваат учењето кое се одвива на училиште и децата со низок СЕС да напредуваат рамноправно со своите врсници. | | | |
| Активност 4.1 | Целна група | Методи/Мерки | Резултати | Приоритет |
| Граѓанските организации да придонесат да се подобри квалитетот и опфатот на медијацијата | ООУ | 4.1.1 Медијацијата меѓу ранливите семејства и училиштето е редовна активности, зајакната ученикот е под ризик. | Подобрено информирање, координација, мотивираност на | Висок |
| | | 4.1.2 Зајакнување на улогата на НВО во образовната медијација (во моментов насочена само кон учениците Роми и нивните семејства) со цел да се поддржат сите ученици со низок СЕС. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| меѓу училиштата и семејствата. | | 4.1.3 Организирање настани и активности наменети за зближување и почитување на различностите (на пр. базари, продажни изложби, посети, ученички размени, локален активизам и сл.) | семејствата, заштита на детските права | |
| **Ресурси** | **Носител** | **Партнери** | **Ризици** | **Справување со ризици** |
| Посветени стручни служби, добри практики, активен граѓански сектор | ООУ, НВО | Локална самоуправа, родители | Граѓанскиот сектор не е прифатен како рамноправен партнер | Сеопфатни кампањи, вклучување на влијателни членови на засегнатите заедници |
| **Активност 4.2** | **Целна група** | **Методи/Мерки** | **Резултати** | **Приоритет** |
| Родителите од ранливите групи/со низок СЕС да ги подобрат својата информираност и вештини за позитивно и одговорно родителство. | Родители, семејства од ранливи групи/со низок СЕС | 4.2.1 Организирање неформални едукативни активности за родители на теми поврзани со одговорно и позитивно родителство, поддршка на учењето во домот, вклучување на пазарот на трудот, оснажување и јакнење на семејствата и сл. | Подобрени родителски вештини и самодоверба | Висок |
| | | 4.2.2 Организирање информативни активности за родители на теми поврзани со детското здравје и развој, семејната хигиена, достапноста на здравствени и социјални услуги, пристапот до правдата и до пазарот на труд, важноста на образованието, родовата еднаквост и сл. | Поголема информираност на родителите | Висок |
| | | 4.2.3 Обезбедување можности за подобрување на семејната хигиена и квалитетот на исхраната (предуслов за успешно учење). | Подобро здравје и хигиена | Среден |
| | | 4.2.4 Организирање акции за обезбедување хуманитарна и друга помош. | Подобрен СЕС на семејствата | Висок |
| **Ресурси** | **Носител** | **Партнери** | **Ризици** | **Справување со ризици** |
| Постоечки искуства, обезбеден простор и инфраструктура на локално ниво | Граѓански сектор | Локална самоуправа, семејства, бизнис сектор | Зависност од донатори<br>Недоволни општински средства[6] | Подигање на јавната свест<br>Лобирање кај донатори |
| **Активност 4.3** | **Целна група** | **Методи/Мерки** | **Резултати** | **Приоритет** |

[6] Скорешни истражувања укажуваат дека помалку од 0.1% од општински средства се наменуваат за локални иницијативи на граѓанскиот сектор.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учењето што се одвива на училиште да се зајакнува преку неформално учење и поддршка во домот и заедницата. | Ученици од ранливи групи/со низок СЕС | 4.3.1 Организирање едукативни активности за деца од ранливите групи кои немаат можност за родителска поддршка во домот и поддршка при учењето и продолжувањето на образованието | Придонесува кон совладувањето на барањата од наставната програма | Висок |
| | | 4.3.2 Организирање активности за јакнење на самоподдршката и взаемната помош на семејствата во заедницата (на пр. заедничко пишување домашни, групна грижа за помалите деца и сл.) | Зајакната независност и мобилност | Среден |
| Ресурси | Носител | Партнери | Ризици | Справување со ризици |
| Искуства и просторни можности на граѓанскиот сектор | НВО, семејства | ООУ, локална самоуправа, граѓанскиот сектор воопшто | Зависност од донаторски средства Култура на зависност кај корисниците | Вклучување на локални активисти, успешни примери според начелото "од-нас-за-нас" |

Проектот е финансиран од Европската Унија

Network of Education Policy Centers

ФОНДАЦИЈА ЗА ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНИЦИЈАТИВИ
FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES
ЧЕКОР ПО ЧЕКОР • STEP BY STEP
Educating children. Strengthening professionals. Building the future.